Барање:

1) Број на ангажирани припадници на Армијата на дневна основа во подршка на цивилните власти (Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство и локалната самоупарава) во справувањето КОВИД 19 за време на кризната и вонредната состојба од 13 март до 13 јуни 2020 година, со просечна цена на чинење по ангажиран припадник на Армијата на дневна основа.

2) Број на ангажирани припадници на Армијата за време на кризната состојба од 20 ноември до 10 декември 2020 година, со просечна цена на чинење по ангажиран припадник на Армијата на дневна основа.

Одговор:

Во врска со горенаведеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Министертвото за одбрана ве информира за следново:

1. Начинот и бројот на ангажирање на лица од Армијата во услови на мигрантска криза и за време на прогласена вонредна и кризна состојба како и во услови на пандемија од COVID-19, согласно Законот за класифицирани информации, податоците за мисии, задачи, сили, капацитети и времетраење на ангажирање на Армијата, содржат одреден степен на класификација и не преставуваат информации од јавен карактер.

За ангажирање на Армијата во поддршка на цивилните власти (Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и локалната самоуправа) во справување со последици од COVID – 19 за време на кризната и вонредната состојба во периодот од 13.03.2020 до 13.06.2020 година, направените финансиски трошоци изнесуваат 38.269.999,00 денари.

2. За ангажирање на Армијата во поддршка на цивилните власти (Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и локалната самоуправа) во справување со последици од COVID – 19 за време на кризната состојба од 20.11.2020 година до 10.12.2020 година, направените финансиски трошоци изнесуваат 2.348.773,00 денари.

Воедно ве известуваме дека согласно Правилникот за транспарентност на Министерството, барањето за пристап до информации од јавен карактер и одговорот ќе бидат објавени на веб страната на Министерството за одбрана по истек на две

недели од одговорот на барањето. По исклучок, на ваше барање, рокот за објавување може да биде подолг од две недели, најмногу до еден месец од денот на доставување на одговорот. При објавување ќе бидат отстранети податоците за вашиот идентитет.